Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање на музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“ бр. 08-1540/1 од 02.09.2026 година, Комисијата за организирање на „Денови на оризот 2026“ распишува:

**Повторен О Г Л А С**

**за помош при спроведување на организациски активности во спроведување на музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-1540/4
18.09.2026 год.
КОЧАНИ

**Член 1**

Манифестацијата „Денови на оризот 2026“ да се одржи во на 2,3 и 4 октомври 2026 година.

Музичкиот дел од манифестацијата „Денови на оризот 2026“ предвидува организирање на :

1. концерт на Влатко Стефановски и Антонија Гиговска на 02.10.2026 година во Паркот на револуцијата,
2. настап на ДЈ Боно со пропратни забавни и едукативни работилници на 03.10.2026 година во Паркот на револуцијата,
3. фолклорен концерт на сите домашни и странски фолклорни друштва од Кочани и нивните гости на 04.10.2026 година во село Горни Подлог

Износот на средства кои Општина Кочани ги издвојува за организирање на настанот се 480 000,00 денари.

Право на учество на огласот имаат здруженија на граѓани, регистрирани во Централен регистар на РС Македонија кои работат на полето на културата.

Предност ќе имаат здруженијата кои за организирање на настанот понудиле најповолна цена, односно цена која не го надминува лимитот од 480.000,00 денари или е пониска од истиот, како и здруженија од Кочани и Кочанско.

Здружението е потребно да достават CV со кое ќе докаже дека работи во областа на културата.

Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Општина Кочани има обврска да го подготви теренот каде ќе се одвива настанот и тоа:

- да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на настанот, да обезбеди озвучување, обезбедување и сл

Обврска на здружението е по завршување на настанот да даде извештај за завршените активности;

Претседател на Комисијата
Голубинка Георгиева

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ